5 ТЕМА



Неговото величество:
Нане - Мерцедес

# ДЕМОКРАТИЈА,
# ИЛИ ШТО ДА СЕ ПРАВИ?



**Неговото величество**

# Нане - Мерцедес, таксист и сито-печатар



Како не сме можеле да муабетиме... Додека отчукува таксиметарот и двајцата сме на ќар - Вие ќе „видите свет", а јас ќе уживам во разговорот со Вас. Предавате на некој факултет?А за ова другово, нема проблем, јас сè ќе Ви кажам, иако ништо за тоа не знам. Јас по струка сум завршен електроинженер и наместо да плачам оти нема работа, јас си работам две работи: таксист и печатам на „сито" запалки, пенкала, по некоја торба, дипломски... Фала му на бога - има работа. Знаете, конкуренцијата е многу силна и мора да се оди со квалитет и со ниски цени, а од тоа најмногу добива муштеријата.

И сега, како функционирала демократијата: немам врска! Велат, тројна поделба на власт, па независност, па професионалност... Други велат дека сето тоа ти е исто, дека секаде се исти луѓе... Јас немам свој став, избравме луѓе, па нека му ја мислат тие.

Дали може да направиме Вие да ми кажувате поподробно, а јас ќе Ви давам свои коментари. Така е подобро. Јас со својата струка можам да работам и во Владата, но во други работи не се сметам стручен. А за демократија? Само знам дека е послободно отколку што беше, цените се пониски, но нема пари. Парите се како ситна риба - ги има ама тешко се „фаќаат".

Јас сум оптимист по природа, таков карактер сум и работата гледам да ја свртам на шега.

Инаку, сè ви е политика! Политиката почнува уште во домот со жената и со децата. Како на дете да му објасниш дека нема 6.000 денари за некои таму патики и дека и со патики од 1.500 денари се поминува? Не е мала работа тоа на дете да му објасниш. Навистина, сè е политика и секој различно си ја разбира. Но, тука треба да има некои правила. Сепак, за луѓето да живеат заедно треба барем некои работи да им се заеднички и слично да ги сфаќаат.



Точно е, господине Нане.

Политиката е многу широк термин и различно ја сфаќаат, па така можеме да чуеме дека таа е:

- вештина на управување со државата;
- работа на државните институции сосредоточени врз водењето на јавните работи во рамките на една држава;
- склоп од посебни општествени активности, кои ги водат групи, или поединци, кои се насочени кон водење на јавните работи;
- метод на работа на поединец или организација заради постигнување на сопствените цели;
- а пошироко земено, можеме да кажеме, како што кажавте Вие: вештина на однесување со луѓето и „снаоѓање" во животот.

Па, тоа е тоа. Не можеме од сè да правиме баук. Нормално дека политиката е вештина на управување со државата. Некој да може да се справи со сите оние работи и да остане нормален, не е лесно. Видете какви проблеми има, да почнеш од стечајци, па да завршиш со името на државата. Затоа постојат институции, за да ги водат тие работи - нема јас од таксиво сега да им ја работам работата. И јас водам политики со шефот, кога барам да ми даде подобра смена. Нормално, да не помислите дека ги мешам работите. Не е исто да се води цел систем и да се вози такси.

Ете, баш се сетив да прашам. Политички систем си постоеше и порано... Ма постоел и во римско време, а сега - еве, ја зедовме демократијата како начин на водење на политиката, но едно не ми е јасно: како може да функционира таа кога гледаме дека многу постапки не се во ред, полни се весниците со тоа, зошто луѓето би сакале да ја бранат демократијата кога лошо живеат во неа и како таа може да опстои кога сите луѓе гледаат само за себе - себично?



Многу интересно прашање, но сам си даде одговор: себично! Демократијата функционира затоа што таа не е само идеологија, како онаа порано. Таа се живее секојдневно, а луѓето мора да ја чуваат заради себе - заради слободите што таа ги обезбедува. Значи, демократијата е и општ интерес на сите, но и себичен интерес на секој поединец. Да се биде демократичен не значи да не се биде себичен.
Демократијата е еден начин на колективно носење одлуки и затоа ја одредуваме како дел од политиката.

Демократијата функционира преку:



ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

## Демократски политички систем

Тоа е организирањето на една држава според демократски принципи и со демократски институции. Демократскиот политички систем е организирана целина на политичката дејност и политичките односи, политичките организации, институции и на политичката култура. Тоа е рамка каде што се одвива политичкиот живот на една демократска земја. Корените на политиката и политичкиот систем се еднакви и тука не треба да има забуни.
А прашањето како „работи“ демократијата е мошне интересно. Прво, ја имаме тројната поделба на власта.

Господине, јас не сум многу по демагогијата. И мојот син вели дека патиките од 6.000 ќе траеле 10 години, но јас знам дека нема. Така и „тројната поделба“ на власта. Се знае дека сите тие „поделени“ можат да бидат од една партија.

Многу остроумно, но неточно.
Демократијата се „гради“ за да одговара на човековиот карактер. Таа го познава граѓанинот како сопствениот џеб и знае дека желбата да се владее е многу голема кај сите тие „поделени“. Дури и да дошле од иста партија - значи, дури и да е направена „далавера“ во изборот, сите тие сакаат да владеат и за одредено време никој никого не мора да слуша, ако тоа не му го наложи законот. Така, тие сакале - не сакале ќе си станат конкуренти во делењето на власта, што значи дека власта е сепак поделена и во најлошите случаи.

Значи, целата работа е во конкуренцијата меѓу луѓето?

Има вистина, но тоа не е целата вистина!
Но, со ред. Дали нема да ти пречи прво да завршиме со тројната поделба на власта?
Тоа не значи дека не постои и поинаква поделба на моќта, но оваа поделба функционира речиси во сите држави на светот. За оваа поделба е многу говорено и сите ја знаат: законодавна, судска и извршна власт.

Но, таква поделба на власта постои секаде, а постоеше и во социјализмот. Зар е тоа доволно за да се има демократија?

Тоа не е доволно едно општество да се нарече демократско. Мора да постојат и други нешта, па да ги напоменам.

- Редовна проверка на мандатот на тие што владеат преку слободни, плурални и демократски избори.

Да, точно. Порано имаше поделба на власта, но како да бираш луѓе кога се од една иста партија секогаш? Мислам... нема логика.

Ниту смисла, ниту логика! Да продолжиме, за да не „гушам“ долго:

- граѓаните треба да учествуваат во изборот на идните раководители, но исто така и во контролирањето на нивната работа. Ова потекнува од статусот на граѓаните, кои никогаш не можат да се откажат од моќта што им припаѓа;
- сите граѓани мора да имаат исти пропишани права и должности;
- граѓаните мора да ја задолжат владата да им објасни што всушност работи, а ако тоа не е доволно, да им објасни уште еднаш. Исто така, владата мора да се грижи да ги образува своите граѓани за да можат да разберат што прави таа. Едукацијата на граѓаните за сите аспекти на демократскиот систем е обврска на владата. Тоа се нарекува: просветено разбирање.

?

Значи, владата мора да ги научи граѓаните и како неа да ја контролираат - паметно, но зошто таа би го правела тоа?



Поради принципот: ако со демагогија се обидеш да останеш на власт, тогаш некој со демагогија ќе се бори против таа власт. Една влада најдобро владее ако не мора цело време да се брани од нападите на опозицијата. Поради тоа, подобро е да постави добра контрола на сопственото работење од граѓаните, отколку да остава многу „бришан простор" на опозицијата, која нема да говори само за грешките на владата туку и нејзините добри потези ќе ги става во ист кош со грешките.
Дали ти е ова познато?

!

Не да ми е познато туку преку глава ми е од тоа. Имам впечаток дека светот стана црно-бел со овие политичари.

Уште пред изборите, политичките партии мора да објаснат со какви залагања настапуваат, што мислат да подобрат, како да го направат животот на граѓаните полесен и побогат. Потоа мора да објаснат како тие свои залагања (со кои победиле на изборите) ќе ги реализираат и за тоа мора да објават планови. Но, дури и граѓаните и секој поединец да им ги критикуваат тие планови, владата мора да ги брани - ако мисли дека се во ред, или да ги измени - во согласност со она што го ветила на изборите. Тоа се нарекува „контрола на агендата". Сè што носи државата како закон, уредба... мора да може да се контролира.

?

Па, не може баш сè, господине. Како да ги контролираш државните тајни? Ниту една држава не го дава тоа јавно.



Да, но тоа може да важи за законите. Во краен случај, постојат парламентарци избрани од народот, кои можат да имаат увид во поголем дел од тие документи.
Понатаму, во донесувањето на одлуките, владата мора да објасни кој дел од нивните планови го остварува, како, со колку средства, и да го следи мислењето на граѓаните, дали јавноста тоа го одобрува. На пример, за да се донесе еден закон, таа би требало да го знае мислењето на граѓаните за тој закон. Мислењето на граѓаните може да се добие на најразлични начини (анкети, дневен печат, мислења на истакнати стручни лица, лидери на мислење, опозиција и сл.).



Многу интересно. Но, како дошло до тоа? Зар е потребна толку голема недоверба во човекот? Како можеме да функционираме како демократско општество со толку недоверба?

Не е тоа само недоверба, макар што и тоа го има. Историјата покажала дека овој начин на државно уредување остава малку место за случајноста. А како можеме ние да бидеме сигурни дека одреден човек има демократска култура и дека нема да ја узурпира власта?
За тројната поделба на власта можеме да му заблагодариме на либерализмот, кој се јавува прво во Англија, а потоа и во сите други европски земји во деветнаесеттиот век. Сите овие прашања, за кои ние разговараме, им биле пред очите на тие први либерално настроени мислители и тука е „удрена“ идеологијата на либерализмот. Затоа, кратко за тие либерални идеи.

Либерализам, тоа го слушаме секој ден на ТВ! Либерално ова, либерално она... Мислам дека е доста непознат збор и мислев дека политичките партии го употребуваат за да го збунуваат народот.



И тоа е точно. Партиите овој поим го употребуваат многу несоодветно.
Либерализмот е идеологија, начин на гледање на уредувањето на државите и начело на граѓанското општество, кое се базира врз

- слобода на совест,
- слобода на вероисповед,
- слобода на мисли и јавен збор,
- слобода на здружување,
- слобода од премногу голема моќ на власта,
- право на сопственост, без оглед колкава е,
- слободен натпревар за стекнување богатство,
- државата да не се „плетка“ во економските работи,
- државата треба да го штити тој фер натпревар и правото на приватна сопственост.

Моделот на либерална држава со тројна поделба на власта е смислен во Англија во 17 век и претставува многу важен дел од историјата и демократијата, која ние сега ја имаме. Идејата на либерализмот се состои во прашањето: како власта да се ограничи за да не може да ти носи закони, па самата да си ги спроведува тие закони и на крајот да има уште право да каже и пресуди дали таа и другите граѓани тие закони добро ги применуваат и почитуваат.

Народот би рекол: „Кадија те суди, кадија те тужи". Да можело така, владата би си донела закон со кој ќе може да прави што сака. Вака, тоа нема да им се допадне ни на пратениците во собранието, ни на судиите по судовите.

Точно така!
Поради тоа е осмислен овој систем во кој оној што носи закони не смее и да ги спроведува, оној што ги спроведува не смее и да носи закони, а и едните и другите не смеат да судат дали законите добро се применуваат, кој се огрешува спрема нив и какви казни ќе им бидат „доделени" на прекршителите.
Ова било потребно за да се започне со ограничувањето на власта на владетелите. Но, главната цел била државата, па која и да е и каква сака нека биде, да не смее да ги нарушува споменатите права и особено да не се меша во економијата и неа да им ја препушти на граѓаните. Се разбира дека никому не му е лесно да се откаже од „златната кокошка" на управување со државата, но времето на царевите поминало, а сознанијата на тогашната буржоазија кажувале дека мора да има „фер натпревар" во економијата, ако сакаме државите да напредуваат забрзано. А како може да се постигне брз развој, освен со конкуренција на луѓе, идеи и производи. Совршено либерално општество е она општество каде што државата е многу малку видлива, а работите си ги решаваат граѓаните.

Е, сега ова не ми е јасно. Се вели дека демократијата функционира поради тоа што граѓаните се слободни и тие таа слобода си ја бранат преку институциите и контролата врз власта. Тоа ми е јасно. Но, како сега интересите на поединците се ставаат пред интересите на сите граѓани? И друго! Зошто мора да се дозволи да има толку многу богати што не знаат што да прават со парите, а некои да бидат во беда? Јас знам дека демократијата значи владеење на мнозинството, а не на богатите. Ако е така, демократијата нема да функционира.

Демократијата - како „владеење на народот" и либерализмот како „начин на ограничување на владеењето во име на народот" се во постојан однос и речиси секогаш се на иста страна. Но, разлики има, а се случува понекогаш демократијата да не е сојузник со либерализмот. Еве некои разлики: ▸ ▸ ▸



| Демократија | Либерализам |
|---|---|
| Тргнува од граѓаните | Тргнува од граѓанинот |
| Право на мнозинството | Заштита на поединечното |
| Законски регулира | Проверува што значи тоа во практика за поединецот |
| Ги ограничува поединците | Ја ограничува власта |
| Го бара општото | Општото да не му пречи на посебното |
| Одредува општи интереси | Внимава тие да бидат и интереси на поединецот |

Либерализмот е, исто така, начин на размислување за тоа како демократијата да не се претвори во тиранија на мнозинството. Во тој случај, демократската држава би ги изгубила сите предности пред другите системи, би станала централизирана, поединецот би го загубил значењето што инаку го има, би се намалиле иновативноста, подвижноста во општеството и сл.

!

Тоа сакав и јас да го кажам. Мислиш дека многу сакам да го акам мерцедесот по дупки и калдрми? Мислите ли дека не сакам да си седам дома и да гледам натпревар, наместо да работам по дванаесет часа? Но, морам да се борам за животот да ми биде подобар. „Државните" такси служби имаа и бази и коли, диспечери, врски... Сепак, ние приватниците „ги затворивме", а тоа беше можно само поради нашата поголема подвижност, чесност со клиентите, иновативност, нови финти што ги привлекоа муштериите кај нас. А и рака на срце, секој муштерија повеќе сака за исти пари да се повози со мерцедес отколку во некоја канта од кола. Тоа Ви е, господине, иновативност, подвижност... и не знам што друго.



Правото на мнозинството да донесе одлука преку своите избраници не смее да се постави над правото на човекот - граѓанинот и неговите права да мисли, зборува и работи во согласност со своите убедувања, нормално, ако не ги крши законите. Основните принципи се:

**не правда, туку право и она што не е забрането е дозволено.**

Понекогаш либералниот концепт во една демократска држава може да има и негативни последици, но и тоа е подобро отколку да почнеме со линијарот да ги правиме сите „еднакви".



Демократијата не смее да се сфати како „колективизам". Колективните размислувања се одамна мината работа. Како да се штити правото на граѓаните ако не се започне со поединецот? Како и зошто да се ограничи правото на еден човек да се труди да биде богат? Богатењето во најголем број случаи значи и нови работни места, многу данок во државните каси, развој... А сиромаштијата? Таа има врска со слабите лидери, корупцијата, криминалот, „мативодите" од сите видови и од сите бои.



Да, тоа е точно. Кај нас има едно многу лошо мислење дека сите што се збогатиле тоа го направиле преку криминал. Да, има многу такви и мислам дека е задача на државата да ги доведе во ред. Но, јас знам десетина примери, каде што луѓе стекнале богатство со тешка, мудра и пожртвувана работа.

А, во краен случај, постојат избори на кои навистина треба да внимаваме кои и какви ги одбираме.



Е, тоа е, господине Нане, суштината на демократијата и токму поради тоа таа функционира. Некои автори **изборите** ги поистоветуваат со демократијата. Политичкото организирање и политичките избори, со кои се бираат граѓани за составување на парламентот, демократиите ги прави **парламентарни демократии**. Некои ги нарекуваат и „плурални".

Сепак, практиката покажала дека не се доволни само изборите и тројната поделба на власта за да се оствари едно вистинско демократско и либерално општество. Уредувањето на државата и како власта ја практикува власта е постојан процес, кој ја движи демократијата кон сè подобра регулатива и демократска култура.

Видете господине, Вие доста ми изнакажавте, но јас можам да ја видам демократијата и како таа функционира само во практиката, а тоа значи преку институциите. Џабе на некого ќе му кажувате за демократија. Тој некој гледа како си поминува на шалтерите, како судовите судат, како геодетите мерат, како даночното „сече"... Мене лично ме интересираат институциите, како тие работат и како јас си поминувам пред нив. Не можете да ми зборувате за демократија ако јас еден месец се акам во полиција за да извадам нов пасош, во имотно-правни ме праќаат од канцеларија во канцеларија...





Многу вистинито, господине. Убаво е кога вака си зборуваме, но поинаку е во практика и јас сум прв за тоа работата на институциите да се подобри и тие да им нудат подобри услуги на граѓаните.
Инаку, за да се говори за ред, закон и држава, не можеме а да не споменеме дека својата волја граѓаните можат да ја воспостават само преку институциите. Од тоа какви се тие, ќе знаеме како ние ќе живееме.



## Демократијата, институциите и либерализмот

За современа држава можеме да зборуваме тогаш кога ќе се воспостават институции преку кои граѓаните ја остваруваат својата волја. Ако се тие демократски институции и создадени според принципите на демократијата (ги наведовме порано), тогаш велиме дека имаме демократска држава (демократски систем).
Но, како институциите стануваат демократски?
Преку изборите, преку стручноста, преку довербата што ја имаат кај граѓаните, преку нивната ефикасна работа... Водењето на тие институции е работа на владата. Вработените во институциите се граѓани, кои се таму вработени поради својата стручност и компетентност.
Значи, граѓаните избираат врвни донесувачи на одлуки, кои ќе носат одлуки што потоа самите граѓани ќе ги спроведуваат во живот. Тоа е исто така либерален концепт.

!

Да, тоа е тоа. Не можеш да му бидеш послушен на некој што „ти паднал од небо". Ние од такси здружението со години избираме еден ист човек, затоа што - да не беше тој, ние уште ќе чекавме на едно место за муштерии. Но, ако не ни чини понатаму - се знае. Во бизнисот и во политиката нема многу чувства.



Институциите треба да работат јавно и да ги опфаќаат повеќето делови на јавниот живот на еден граѓанин. Оттука, целта на институциите во демократијата е да го одржуваат тој систем на начин што ќе има што поголема ефикасност (добри услуги за граѓаните) и поголемо почитување на законите.
Демократијата не се потпира само врз политичките или владините институции. Покрај нив, тука спаѓаат и сите оние институции од јавниот сектор коишто им овозможуваат на луѓето начини да ги остварат своите интереси и вредности и нив ги нарекуваме институции на граѓанското општество.

! Јас најдобро знам што се тоа институции. Најмногу од луѓето што ги возам, ги возам до институции: до пошти, до банки, до „социјално", до музеи, до „општина", до судовите, а баш пред некој ден возев и двајца парламентарци на седница. Мојот прв братучед го има возено сегашниот наш претседател на државата, уште кога не беше претседател. Да знаел дека ќе стане претседател, ќе се спријателеле - ќе го одведел на пијачка.



Одличен испадна муабетот околу институциите. Замислете, братучед Ви возел цела институција.

? Молам? Не, не разбравте: не возел институција, туку возел до институција.

Во право сте, тогаш сè уште господинот не бил претседател, а да бил, тогаш би возел институција. Да Ви објаснам, затоа што функционирањето на демократијата е повеќе работа на демократски институции отколку на сè друго заедно.

## ШТО СЕ ТОА ИНСТИТУЦИИ?

Тоа не се само згради. На пример, и бракот е институција... Парите се институција, но исто така и судовите, банките, младешкиот бунт, музеите, претседателот на државата... Нејасно? Дали првата брачна ноќ е институција?

Институциите се востановени обичаи што ги чувствуваат најголемиот дел од граѓаните и коишто се развиле за да регулираат, за да служат и да спроведуваат функции во име на општеството или на групи коишто се дел од него.

Сите политички системи имаат сопствени институции. Институциите донесуваат одлуки за најразлични прашања што се од јавен интерес и притоа имаат предвид дека луѓето имаат различни и често спротивставени побарувања. Целта на институциите, покрај онаа „да служат на граѓанинот и државата", е неотпочнување конфликти преку помирување или решавање на различните интереси и желби.

! Сега ми е јасно што сакавте... Институција е организација што луѓето ја сметаат како институција, што значи дека тие не се дадени отсекогаш, туку можат и да настануваат, но и да „гаснат".



Малку народски кажано - да. Но, институциите што ги оформува некоја држава мора да имаат некои заеднички карактеристики и „не баш толку лесно да се гаснат...". Демократските институции имаат заеднички карактеристики со сите институции во светот. ▶ ▶ ▶



**а.** Институциите најчесто постојат долго време и работат во согласност со претходно воспоставени правила. Оваа трајност и ред придонесуваат за довербата што ја уживаат, како и за предвидливоста на нивната работа. Тоа е регуларност и предвидливост на институциите.



! Па, тоа и јас го очекувам кога ќе појдам во катастарот, на суд, во даночно, „имотно-правни"... Да работат регуларно и да знам дека таму денес ќе завршам работа. Но, тоа не важи само за мене. Треба институциите да се однесуваат секогаш еднакво, а ако нешто се промени кај нив, прво мора да нè запознаат со промените. И друго нешто... Мора и крадецот да знае што „ќе добие" од судовите, и митоманот, и веќе еднаш да се знае: ако направиш така и така, од институциите ти следува ова и ова. Така никој нема да го крши законот. Тоа е предвидливост. Не може институцијата со мене да се однесува вака, а со тебе така, па народот да си вели „ајде да си ја пробам среќата иако немам право".



Па, тоа е суштината!
Но, да продолжиме.

**б.** Институциите имаат неограничен животен век. И покрај тоа што луѓето што работат во нив доаѓаат и си одат, институциите можат да траат долго и да поврзуваат различни генерации. Оттука, институциите можат да му дадат смисла на постојаност и на долговечност на општеството. Тоа ти е континуитет и издржливост.



! Интересно! Сега разбирам зошто кога се смени системот институциите си останаа да си функционираат. Тоа е добро. Не смее да се чепка во институциите, како кому ќе му текне. А Вие господине, мислам... ако сте од власта... да им кажете на колегите да не ги чепкаат или партизираат институциите.



Јас не сум од власта, но кога прв пат ќе имам контакт со некого „од власта" ќе го поздравам и од Ваше име.

**в.** Со текот на времето, институциите развиваат сопствена **меморија.** Тоа се прави со запишување, собирање и архивирање на податоци, но и преку традициите, историјата, документацијата, како и преку долгогодишната работа на поединци. Оваа меморија обезбедува начини за пренесување на стекнатото знаење, стручноста и мудроста. И се разбира дека за работа во институција е потребна стручност, а не партиска подобност или „први братучеди", комшии и „патници-намерници". Затоа толку многу реагираат граѓаните кога ќе се постави човек што не одговара за некое работно место. И тоа е начин како функционира една демократија.

!

Па сега, кога го чув ова, можам да кажам дека јас сум голем чувар на демократијата. Јас не молчам за такви работи, пишувам писма до весници, до телевизии, редовно се јавувам на радио емисии, ги кудам „партиските фаци" кога ги возам... Ама рецка не им удирам! Не ме бирале тие мене туку јас нив и има да слушаат. И да знаете: слушаат и гувеат како невести на блага ракија. Нема трибина на која не сум бил. Ма, биле таму и денешни министри и министри од минатата влада, пратеници, директоришта вакви и такви. Јас си го чекам зборот и ќе си кажам што имам. Еднаш дури цела сала ракоплескаше кога го прашав еден од нив дали неговиот братучед беше најдобар избор од сите кандидати. Не знаеше да ја најде вратата да си замине.



**г.** Рамнотежа. Институциите исто така можат да се натпреваруваат едни со други и со тоа придонесуваат за рамнотежа на моќта што, од своја страна, придонесува за различност и слобода. Тоа значи дека „моќта е поделена на различни начини", но постои и институционална поделба на моќта. Тоа се нарекува „надлежности на институциите".

?

А какви видови институции постојат? Малку има забуна во ова Ваше сметање на институциите. Не може секоја институција да биде исто важна за тоа како демократијата функционира. Некои се побитни, а без некои се може. Зар не?



Јас можам да Ви кажам само какви типови институции постојат, но за важноста... Па, и за важноста може да се каже по нешто.

**а.** Како институции постојат разни организации, и религиски, добротворни организации, училишта и универзитети, воени сили, гранки на власта како што се на пример: собранието, владата и судовите. Примери во Македонија: Собрание на РМ, Исламска верска заедница, Армија на РМ, политичките партии, медиумите...

**б.** Потоа, за институции можат да се сметаат и секојдневни процеси како „владеење по пат на мнозинско донесување одлуки". На пример: мнозинство гласови во Парламентот, или пак мнозинство на општи избори. Примери во Македонија: добивање парламентарно мнозинство со добивање мнозинство гласови на парламентарните избори.

!

Значи, некои основни принципи можат да се сметаат како институции. Затоа велат „институција гласање" - сега разбирам. Еден мој пријател мислеше дека постои министерство за гласање.

**в.** Па, како институции се сметаат и воспоставените врски. На пример, брак, пријателство, врската меѓу доктор и пациент, политички сојузи, меѓународни сојузи и коалиции. Иако не постои „министерство за пријателство“, сепак пријателството може да биде појако од многу други работи.

?

Значи, не се мисли на пријателството на Јанко и Петко, туку на пријателството општо, како појава, како факт, како институција. Или не се мисли на бракот на одредени луѓе, туку на бракот како институција, како сеприсутна форма на заеднички живот на еден маж и на една жена. Така е?

**АПСОЛУТНО!**

**г.** Усвоени начини на однесување како институции. Ако се гледа на државата, тоа би биле примери како: потпирање врз совети на министри, поднесување оставка по изгласана недоверба (пример во Македонија е Владата на чие чело беше Никола Кљусев). Во секојдневниот живот има многу примери: бонтонот, убавото облекување за прослави, ученичкото „бунтување“ против постарите преку правење глупости...

!

Значи, треба да научат парламентарците... Односно - ајде по Ваше: да стекнат навика да изгласуваат недоверба на владата ако работи лошо и тоа може да биде институција. Тоа е нешто како култура на однесување. Е, таква култура им треба на нашите парламентарци: да заборават од која партија се и да гледаат дали владата работи демократски. Јас сум „за“! Така ќе имаме нова институција, која власта ќе ја направи повнимателна во својата работа.

А кога сме кај парламентот и владата, ме интересира како треба да се дели власта, кога едните ништо не работат освен што носат закони, а другите само работат, а не носат закони? Малку ми е тоа....

Па, тоа е Нане!

ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

## Поделба на власта во демократијата

Институциите на власта не се наменети само да им служат на потребите на луѓето, тие мора да остваруваат и други функции, неопходни за секојдневното опстојување на демократијата. Затоа секоја власт има три посебни функции што се меѓусебно поврзани, се контролираат и се ограничуваат една со друга, со цел да се оствари суштината на демократскиот систем, а тоа е слободниот поединец. За тоа малку говоревме.

▸ ▸ ▸

▸▸▸ **а.** **Законодавна власт** (самиот збор кажува: „дава закони“) во Македонија е Парламентот, чии членови ги избираат граѓаните и со тоа е претставена народната волја. Парламентот има за задача да создава закони, да расправа за проблемите на општеството, да ја надгледува работата на владата и владините тела, да ја соопштува сопствената работа на јавноста. Во секоја демократија парламентот ја има и моќта на „ќесето“, затоа што го одобрува буџетот на владата.



! Да, тоа е особено интересно кога премиерите се потат да добијат што повеќе пари за своите министерства, да ги распоредат - во кое министерство колку пари да се соберат, па и да воведат некое ново даноче...

**б.** **Извршна власт** кај нас се Владата на Република Македонија и претседателот на државата. Таа ги спроведува законите или „ги извршува“. Во суштина, оваа власт ги подготвува законите што ѝ се потребни за да може да работи непречено и да ги поднесува до парламентот како предлог-закони на усвојување. Но, не значи дека пратениците ќе прифатат некој закон. Тие можат да го прифатат, да го отфрлат, да го изменат, да предложат нов... Извршната власт може да биде организирана на различни начини. На пример: премиер, претседател, државен совет, шеф на држава и др. Извршната власт директно зависи и од довербата во парламентот.

? Па, тоа е тоа што го зборував предмалку. Но, дали и претседателот на државата може да биде сменет од парламентот, како што може да биде сменет премиерот?

Не! Претседателот на државата е избран директно од граѓаните и никој што е избран со директно гласање не може да биде сменет. На пример, има држави во кои парламентот може да биде распуштен со одлука на претседателот. Потоа, за претседателот и неговата одговорност одлучува уставниот суд. Но, да продолжиме.

**в.** **Судската власт** е одговорна за придржувањето на поединците и институциите кон пропишаните закони и правила. Сето тоа треба да биде остварено преку фер и непристрасен судски процес. Судството обезбедува решавање на споровите и недоразбирањата по мирен пат, во согласност со законите. Пред судовите можат да настапат и поединци и групи, па дури и малцинските групи можат да се жалат на одлуките од мнозинството, доколку сметаат дека им се нарушени основните права.

Добро, ова се многу познати работи што секој ги знае. Но, како да се обезбеди судовите да не прават грешки, зашто ако судот ти досуди, може да те запусти. Може цели семејства да доживеат лоша судбина ако се суди неправично.



Па, тоа е главната причина зошто судовите се така организирани - како што се. Тие мора да бидат поделени на повеќе нивоа за да обезбедат прегледување и оценување на судските одлуки, со цел да може да се проверат претходните грешки или злоупотребата на моќта. Тоа е едно, но контролата на власта преку судството е друга работа. Преку судството луѓето имаат и институционални начини да ги преиспитаат и да ги контролираат активностите на власта.

Јасно! Јас ја тужев државата за еден погрешно одземен имот од мојот дедо. Ако е држава, не е света држава. Не беше лесно, но ја добив. Прво „паднав" на општински суд. Ми носи пресуда: „се одбива тужбеното барање...". Се одбива? Адвокатот ми рече дека има лек, како да сум на доктор, а тоа не бил лек, туку „правен лек". Па, ајде на Апелационен суд со жалба на пресудата. Сè уште имав верба во судовите и се надевав дека пресудата ќе ја отфрлат, но тогаш ми доаѓа дека „пресудата на општинскиот суд се потврдува". „Вакви правни лекови, адвокате?" Да видите тогаш, господине! Адвокатот така го прими сето тоа на срце и напиша жалба до Врховниот суд. Ми се врати вербата во судовите... Искрено ви кажувам. Пресуда на Врховниот суд „како бонбона". Сè им укина, им рече одново сè да се преиспита, им „солеше" како можеле толку да ја утнат работата... па повреди на материјалното право, па фактички лошо утврдена состојба... Ја удрија цела држава од патос.



Сакав јас тоа да го кажам, но Вашето искуство кажа сè. Јас треба само да додадам дека кај нас ги имаме тие **ТРИ НИВОА** на судската власт: општински судови, апелациони судови и Врховен суд на Република Македонија.

Како што постојат овие судови, така и за законите има суд. Тоа е Уставниот суд, кој донесува одлука дали законите што се носат се во согласност со Уставот на РМ, бидејќи Уставот на РМ е највисок правен акт и сите други закони треба да бидат во согласност со него.



Тоа е добро во демократијата: и над кадијата има кадија.

Но, јас лично не сум согласен сите одлуки да се носат во еден центар. Не може за секоја ситница да се патува до Скопје. Па, зошто постојат општини?

Е, тоа беше следно за што ќе разговарав со Вас.

! Слободно! Еве и јас ќе го исклучам таксиметарот.

Власта во демократијата може да се извршува на два начина:

- Централизирано: сите институции се собрани во еден центар и таму се носат сите одлуки. Во таков случај, во општините има само некои локални претставништва на институциите, на пример подрачни единици на министерствата. Овој начин го прави полесно контролирањето и управувањето со државата. Во светот владее мислење дека ова не е добар начин на функционирање на власта. Затоа повеќето го претпочитаат:
- Децентрализираниот начин на владеење. Тоа е воедно и начин на поделба на власта, за кој ние толку разговаравме. Во овој случај, на општините им се даваат поголеми овластувања. Во Република Македонија со новиот Закон за локална самоуправа општините добиваат повеќе овластувања. Ова треба да овозможи полесно решавање на секојдневните проблеми на луѓето. Инаку, за Ваша информација, во светот е прифатен принципот: колку што е власта географски поблизу до народот - власта е подобра. Со тоа, локалната самоуправа се смета за подобра власт од централната управа.

ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

## Избори



? Па, да! Како што има парламентарни избори, претседателски избори, така има и локални избори. Не може оној од Скопје подобро да знае што ни треба нам во Гевгелија.

Демократските институции и изборите се главни нешта за функционирање на демократијата. Таа не е можна без тие две работи.
Изборите за демократијата служат за пресликување на народната волја. За демократија се потребни отворени, слободни, фер и регуларни избори. Резултат на изборите не е само изборот на политичките партии што ќе ја добијат власта. Исто такам, изборите го поттикнуваат вниманието на граѓаните врз јавните работи, како и врз проблемите и потребите на нивната заедница.
Исто така, изборите се главниот инструмент преку кој луѓето ја контролираат својата влада, наградувајќи ги политичарите коишто му се допаѓаат на народот и казнувајќи ги и сменувајќи ги оние што не му се допаѓаат.

Ја не би рекол дека „им се допаѓаат". Повеќе би рекол дека гледаат со кој од нив на власт би им било подобро. Инаку, за допаѓање, нека биде на власт најубавата девојка во Македонија... Ако не видиме аир, барем да ѝ се нагледаме.



Точно! Гласањето мора да биде мудро и не со срцето, туку со главата.
Честите и редовни избори, но фер и регуларни, создаваат средина што ги принудува избраните политичари да ја почитуваат волјата на народот затоа што продолжувањето на нивниот мандат зависи исклучиво од народот.
За да гласаат, луѓето треба да бидат запишани во избирачкиот список и да се на определена возраст.

Во Република Македонија гласаат луѓето што имаат над 18 години, кои имаат постојано живеалиште на територијата на Република Македонија и тие луѓе се запишани во избирачкиот список. Во Република Македонија секој граѓанин има право само на еден глас, што значи дека еден граѓанин не смее да гласа за група луѓе.

Ајде нешто што не знам. Ова го знае и мало дете.



Не го мислам јас тоа. Начинот на гласање е добро позната работа во Македонија.
Сигурно знаете и тоа какви видови избори постојат.

Малку е здодевно ова де, но да ви кажам, да не ме мислите за политички необразован.

Општите избори се главното средство преку кое граѓаните гласаат. Општи избори се оние на кои се избираат голем број претставници во разни институции. Во Република Македонија се спроведуваат општи избори за пратеници во Собранието на РМ, локални избори (изборите за градоначалници и советници во општинските собранија) и избори за претседател на Република Македонија. Еве - не болеше.



Одлично. Сигурен сте дека не сте студирале нешто друго? Но, постојат и избори во посебни услови. Овие избори овозможуваат изразување на волјата на луѓето за некои суштествени работи или проблеми што се јавуваат меѓу општите избори како на пример, за пополнување места напуштени поради оставка или замена на избраната функција со друга (на пр., од пратеник некого го назначиле за амбасадор), или поради смрт на вршителот на избраната функција.

А што е со референдумот? Сигурен сум дека во законите и тоа постои.

Постојат и други видови избори на кои не се бираат функционери туку тие служат за да се слушне гласот на народот. Овие избори можат да се организираат и од страна на граѓаните, и тоа секогаш кога има потреба за тоа. Таков е случајот со референдумот. Преку него граѓаните директно ја изразуваат својата волја за некое прашање или некоја законска норма. Одлуката што ќе ја донесе мнозинството граѓани е задолжителна за законодавната власт. Референдум може да организира власта, или тој да се организира по барање на граѓаните. На пример, референдумот за независност на РМ во 1992 година и рефендумот за воведување трамвај во Скопје.
Но, тоа не е сѐ. Како други начини на изјаснување на граѓаните, предвидени се и иницијативите. Тоа се средства преку кои определен број граѓани можат да предложат мерки што ќе станат закон ако се одобрат од мнозинството гласови на избирачите.
Се разбира, тука се и вонредните избори и тоа е можност на избирачите да се поправат и да ги тргнат од власт оние за кои граѓаните сметаат дека не ја заслужиле нивната доверба.
Јас имам добро памтење. Нели рековме дека **ИЗБОРИТЕ** се **ИНСТИТУЦИЈА**?

Значи, избори се и: изборите за претседател на класот, на месна заедница, на раководител на некои работи... Изборите се принцип на демократијата. Ако не сум учествувал во изборот на некој човек, тој нема да претставува авторитет за мене.

Сега ќе ми зборувате за изборните модели. Така?

Господине, легенда сте. Вие ги знаете работите многу добро.



Па, децата се учат на нешто, а возрасните споделуваат знаења. Ајде „распалете".

Постојат два модела за избор на вршители на јавни функции: мнозинскиот и пропорционалниот изборен модел. Со мнозинскиот модел гласачите се определуваат за одделни кандидати на политичките партии. Функцијата ја добива оној кандидат што добил најмногу гласови.

Во пропорционалниот изборен модел гласачите гласаат според предлог-листи на политичките партии. Победува политичката партија што добила најголем процент гласови. Колку што добиле гласови, толкав процент партиите добиваат и од местата во парламентот.
Во Македонија имавме мешан изборен систем (мнозински и пропорционален), што значи дека Македонија беше поделена на 85 изборни единици од кои се избираше по еден пратеник, но луѓето гласаа и за листи преку кои се делеа 35 пратенички места.
За локалните избори градоначалниците се избираат според мнозинскиот модел, додека советниците се избираат на пропорционални листи. Претседателот на Република Македонија секогаш се избира на мнозински избори, затоа што е невозможно за една личност да се гласа според пропорционалниот систем.
Изборите во Македонија ги организираат изборните органи. Тоа се: државната изборна комисија, изборните комисии и избирачките одбори. Тие се грижат и за регуларноста на изборите, кажуваат како да се одвиваат изборите, ги печатат гласачките ливчиња, ги информираат граѓаните и ги бројат гласовите.
Новиот парламентарен изборен модел во Македонија е пропорционален модел. Македонија е поделена на шест изборни единици, гласачите од секоја единица избираат по 20 пратеници. Колку што проценти на гласови ќе добие партијата во една изборна единица - толку пратеници од таа изборна единица ќе има во парламентот.

?

Сето ова е во ред. Само поинаку изгледаше сето тоа за време на изборите. Мислам дека се сеќавате што се случуваше на изборите. Има ли нешто што може да помогне повеќе да не гледаме такви сцени или партиите да ги прифатат резултатите од изборите без правење големи драми и возбуди?



И сега има закони што се насочени токму кон тоа! Секој граѓанин во Република Македонија, кој има право на глас, може да се жали ако смета дека на местото каде што гласал имало неправилности или манипулации во гласањето. Својата жалба граѓанинот ја доставува до изборните органи, а ако не е задоволен, потоа може да се жали и до Врховниот суд на РМ.

Но, да Ви кажам нешто и јас околу сето тоа. Партиите мора да сфатат дека не им ја купил државата татко им, па да можат да ги полнат институциите со партиски кадри. Тоа е смрт за демократијата и таа едноставно не може да функционира.

Тоа е вечна борба и партиите на тоа треба да обрнат најголемо влијание. Но партиите, државните институции и воопшто власта мора да се натера да функционира во духот на демократијата и преку граѓанското општество.

Од она што го нарекуваат „граѓанско општество", „невладин живот" се мисли и на невладините организации - така? Нормално, во содејство со медиумите. Тие можат да завршат доста работи. Мене ми се допаѓа тоа што тие изгледаат како нешто така неформално, но удираат таму каде што треба. Добро е тоа што не ги финансира владата, па можат да бидат самостојни.

Граѓанското општество нуди голем број користи за демократските системи и претставува чувар на правата на граѓаните. Ова не е само фраза.



## Што нуди граѓанското општество?

- Ограничување и натпреварување со моќта на владата преку создавање и одржување на голем број разни центри на мислења и дејствување. Тука спаѓаат најразличните организации и поединци што дејствуваат независно. Со ваквата работа граѓанското општество осигурува дека владата, или некоја политичка партија или религиска организација, не може да има монопол врз изворите на информации, монопол врз идеите, средствата и слично. Но, ова ќе го појасниме. Невладиниот живот нуди континуирана едукација на граѓаните за начините како да се влијае врз власта, како да се организираат групи граѓани што ќе извршат влијание врз владата или други институции, но исто така тие можат да ја насочат владата во некој правец, преку давање на некои услуги што се корисни за неа или за граѓаните;
- Развивање на личните и граѓанските потенцијали на граѓаните преку учество во разни видови активности, на пример, развивање вештини за дебата, за преговарање, за едукација, организаторски способности и воопшто вештини што еден иден лидер ќе го научат на вештините на одлучување, но и на

демократскиот начин. Потоа, тука е откривањето на способни лидери и обучување на сите граѓани во начините за политичко учество;

- Посредничка улога на некои невладини организации што ќе се постават меѓу владата и поединците, било да сакаат да ја објаснат работата на владата, било да ја критикуваат. Но, исто така, на изненадување на голем број граѓани, кои сфаќаат дека невладините организации не смеат да се мешаат во политиката, овие организации можат директно да учествуваат во политичкиот процес со тоа што ќе се обидат да влијаат врз јавната политика. Тоа не значи дека смеат да се стават во служба на некоја партија. Влијанието на дел од овие организации може да ги заштити нивните членови од моќта на владата, која може премногу да им се наметне на поединците.

Во сопствената работа невладините организации мора да ги информираат и користат медиумите. Но, и да не е можно тоа, невладиното општество мора да најде начин за комуницирање меѓу сите делови на јавниот живот. За еден медиум да биде навистина во служба на демократијата, мора да биде независен, објективен, одговорен, квалитетен, достапен и да знае што работи, а не да го води стихијата. Кога ќе имаме повеќе такви медиуми, тогаш ќе имаме и разновидност, па граѓанинот може слободно да избере и да има пристап до сите информации. Тоа е најсилен начин на функционирање на демократијата.

Можеби невладиниот сектор е најнапредниот елемент во државата.

?

Мислите полиберален? Се шегувам.

Моето мислење секогаш било дека медиумите, невладините организации, лидерите на мислење, врвните интелектуалци и политичките дисиденти се најголемите чувари на демократијата. Можеби не се моќни вака - ќе си речеш „обични човечиња", но верувам дека навечер политичките мативоди го молат бога да не се прочитаат наутро како ѕвезди на дневниот печат.



